ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ СКОПЈЕ
ISHP QENDRA E SHËNDETIT PUBLIK - SHKUP
ул. 3-та Македонска бригада бр.18 Скопје, тел. 02/3298 667, факс 02/3298 251, www.cph.mk
rr. 3-Brigada e Tretë Maqedonase nr.18 Shkup, tel. 02/3298 667, faks 02/3298 251, www.cph.mk

# *Информација за старите лица од Скопскиот регион за 2020 година*



Скопје, октомври / ноември 2021 година

**Ј.З.У. Центар за јавно здравје Скопје**

**ДИРЕКТОР:** Д-р спец. Бесим Зекири

**Раководител на Одделението:**

---

Доц. Д-р сци. Валентина Симоновска

**Уредник:**

Доц. Д-р сци. Валентина Симоновска

**Автор:**

Доц. Д-р Валентина Симоновска

Д-р Методи Манев

**Обработка на податоци:**

Одделение за социјална медицина

**Компјутерска обработка на податоците:**

ИНФО СОФТ ИНГ, Скопје

Инг. Леутрим Амети

**Содржина**

**1. Вовед**

**2. Цели**

**3. Материјали и метод на работа**

**4. Резултати и дискусија**

**5. Заклучок**

**6. Препораки**

## 1. Вовед

Според Светската Здравствена Организација (СЗО/WHO), секој човек треба да има можност да живее здрав и долг живот. Сепак, средината во која живееме може да делува позитивно, но и негативно на здравјето. Средината може да влијае на однесувањето, и на изложеноста на ризици (загадување, насилство), како и на пристапот кон здравствената заштита и социјалната заштита, како основни фактори.

Лицата на возраст над 60 години спаѓаат во категоријата на стари лица. Популацијата на старите лица, според СЗО, е во постојан пораст. Во 2019 година, бројот на стари лица изнесувал околу 1 000 000 000. Предвидено е дека бројот на стари лица ќе порасне над 1 400 000 000 до 2030 година, односно околу 2 100 000 000 до 2050 година. Ваквиот пораст е посебно изразен во земјите во развој [1].

Стареењето, на биолошко ниво, резултира како последица на широка варијација на фактори кои доведуваат до клеточно и молекуларно оштетување, кои водат до постепено намалување на физичките и менталните способности.

Карактеристика на здравствената состојба кај старите лица е високото оптоварување со хронични заболувања и нарушувања на здравјето, каде спаѓаат кардиоваскуларните и респираторните заболувања, депресивните нарушувања, деменцијата, шеќерната болест, падовите и повредите, како и малигните заболувања.

Пандемијата на COVID-19 додатно ја акцентира потребата од попрецизно дефинирање на управувањето со здравствената заштита на старите лица со цел да се интензивира заштитата од инфекција со вирусот, како и намалување на влијанието на стрес-факторите во актуелниот период (факторите на осаменост, редукцијата на контактот со блиските лица, присуство на анксиозност и страв од смрт), заедно со методите на заштита од заболување (потребната дистанца, и вакцинацијата како ултимативен метод за заштита од COVID-19).

Староста поседува фактори кои влијаат на здравјето. Постои поделба на 2 основни групи на фактори на влијание:

- индивидуални фактори (свесност и однесување, генетски предиспозиции за хронични заболувања);
- социјални фактори (место на живеење, можности за транспорт, помош во секојдневните потреби, пристап кон здравствена и социјална заштита).

Општиот пораст на бројот на лица над 60 години претставува историски сигнификантна промена во човечката популација, која диктира потреба од структурно дефинирано управување во здравствената и социјалната заштита на старите лица.

Демографските промени кои настануваат со зголемувањето на возрасната популација ја наложуваат потребата од насочување на здравствената заштита, како и социјалната грижа кон потребите на старото население, со цел овозможување на што е можно подолг и поквалитетен живот, односно здраво стареење, кое, по дефиниција, претставува развивање и зачувување на функционалната способност која овозможува добра состојба на здравјето во староста. Тоа се потребите кои го потенцираат потребниот квалитет на здравствената заштита на глобално, но истовремено и на локално ниво, односно на ниво на заедниците во кои старите лица живеат.

## 2. Цели

Целта на Информацијата е да се прикаже здравствената состојба на старите лица во Скопскиот регион во 2020 година.

## 3. Материјал и методи

Материјалот произлегува од Збирниот извештај од општа медицина бр. 3-01-60, Збирниот извештај за здравствена заштита на жени, Збирниот извештај за стоматолошка здравствена заштита бр. 3-09-60, и ИСЛЛ бр. 3-21-61А, кои рутински се прибираат во Одделението за социјална медицина при ЈЗУ ЦЈЗ - Скопје.
Методот е аналитички, со ретроспективна анализа на податоците.
Според податоците од ЈЗУ ЦЈЗ - Скопје, во 2020 година се регистрирани 23104 лица од машки пол (65 до 74 г.) и 12076 лица од машки пол (75+ г.), или вкупно 35180 лица од машки пол (65+ г.). Во 2020 година се регистрирани 28234 лица од женски пол (65 до 74 г.) и 16325 лица од женски пол (75+ г.), или вкупно 44556 лица од женски пол (65+ г.).
Податоците се презентирани во вид на стапки.

## 4. Резултати и дискусија

Табела 1: Приказ на населението на возраст над 65 години од Скопскиот регион, во периодот од 2010 до 2020 година.

*Население во Република Македонија на 31.12., по пол, по петгодишни групи на возраст, во Скопскиот регион (2010-2020) (65+)*

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СК Регион** | **2010** | | | | | | | | | |
| | 65-69 | | 70-74 | | 75-79 | | 80-84 | | 85 и повеќе | |
| | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени |
| | 11622 | 13506 | 9912 | 11213 | 6537 | 8513 | 3107 | 4597 | 1465 | 2417 |
| **СК Регион** | **2015** | | | | | | | | | |
| | 65-69 | | 70-74 | | 75-79 | | 80-84 | | 85 и повеќе | |
| | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени |
| | 14682 | 17454 | 9891 | 12153 | 7526 | 9119 | 4113 | 5800 | 2068 | 3405 |
| **СК Регион** | **2020** | | | | | | | | | |
| | 65-69 | | 70-74 | | 75-79 | | 80-84 | | 85 и повеќе | |
| | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени |
| | 15521 | 18638 | 12385 | 15819 | 7550 | 9991 | 4780 | 6403 | 2830 | 4635 |

Извор : Државен Завод за Статистика на РСМ (04.11.2021) [3].

Според податоците од Табела 1, се констатира дека во периодот од 2010 до 2020 година постои тенденција на зголемување на бројот на стари лица во сите 5 возрасни категории кај двата пола, со акцент на женското население.

Табела 2: Специфична стапка на морбидитет кај населението на возраст од 65 до 74 г., и 75+ г., од Скопскиот регион, за 2020 година.

| *Извештај за утврдени заболувања во дејноста општа медицина, ординации во Скопје (град+село) (морбидитет x1000) (65-74 и 75+) (Годишен извештај 2020)* | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Р. Бр.* | *Заболувања и состојби* | *Шифра по МКБ - 10* | *65-74г.* | | | | *75+г.* | | | |
| | | | *м* | *Ст/1000* | *ж* | Ст/1000 | *м* | *Ст/1000* | *ж* | Ст/1000 |
| 1 | 2 | 3 | 16 | | 17 | | 18 | | 19 | |
| | **Вкупно ( I - XIX, XXI )** | **A00-T98, Z00-Z99** | 67393 | 2196.4 | 93975 | 3328.79 | 43896 | 3634.98 | 56954 | 3488.76 |
| | **Вкупно ( I - XIX )** | **A00 - T98** | 60210 | 2606.04 | 84886 | 3006.84 | 39496 | 3270.62 | 51894 | 3178.81 |
| 1 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА I** | **A00-B99** | 930 | 40.25 | 1158 | 41.02 | 474 | 39.25 | 562 | 34.43 |
| 2 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА II** | **C00-D48** | 1058 | 45.79 | 1322 | 46.83 | 554 | 45.88 | 617 | 37.79 |
| 3 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА III** | **D50-D89** | 348 | 15.06 | 555 | 19.66 | 366 | 30.31 | 529 | 32.4 |
| 4 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА IV** | **E00-E90** | 8828 | 382.1 | 16273 | 576.42 | 4406 | 364.86 | 7433 | 455.31 |
| 5 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА V** | **F00-F99** | 2712 | 117.77 | 5103 | 180.76 | 2193 | 181.6 | 4391 | 268.97 |
| 6 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА VI** | **G00-G99** | 1269 | 54.93 | 1403 | 49.7 | 1521 | 125.95 | 2086 | 127.78 |
| 7 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА VII** | **H00-H59** | 1797 | 77.78 | 2565 | 90.86 | 1255 | 103.93 | 1459 | 89.37 |
| 8 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА VIII** | **H60-H95** | 1215 | 52.59 | 1363 | 48.28 | 808 | 66.91 | 881 | 53.97 |
| 9 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА IX** | **I00-I99** | 17923 | 775.75 | 25011 | 885.94 | 12155 | 1006.54 | 17512 | 1072.71 |
| 10 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА X** | **J00-J99** | 6951 | 300.86 | 9112 | 322.77 | 4024 | 333.22 | 4526 | 277.24 |
| 11 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА XI** | **K00-K93** | 3508 | 151.84 | 5033 | 178.28 | 2077 | 171.9 | 3150 | 192.96 |
| 12 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА XII** | **L00-L99** | 1237 | 53.54 | 1734 | 61.23 | 848 | 70.22 | 950 | 58.19 |
| 13 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА XIII** | **M00-M99** | 3357 | 145.3 | 7686 | 272.29 | 1904 | 157.67 | 3752 | 229.83 |
| 14 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА XIV** | **N00-N99** | 6862 | 297.01 | 3260 | 322.77 | 5394 | 446.67 | 1955 | 119.75 |
| 15 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА XV** | **O00-O99** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 16 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА XVII** | **Q00-Q99** | 5 | 0.22 | 14 | 0.5 | 4 | 0.33 | 5 | 0.31 |
| 17 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА XVIII** | **R00-R99** | 1647 | 71.29 | 2543 | 90.08 | 1153 | 95.48 | 1431 | 87.66 |
| 18 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА XIX** | **S00-T98** | 563 | 24.37 | 751 | 26.6 | 360 | 29.81 | 655 | 40.12 |
| 19 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА XX** | **V01-Y98** | 65 | 2.81 | 61 | 2.16 | 44 | 3.64 | 21 | 1.29 |
| 20 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА XXI** | **Z00-Z99** | 7183 | 308.95 | 9089 | 321.96 | 4400 | 364.36 | 5060 | 309.95 |

Извор : ЈЗУ Центар за Јавно Здравје - Скопје (16.11.2021) [4].

Табела 2А: Специфична стапка на морбидитет кај населението на возраст од 65+, од Скопскиот регион, за 2020 година.

| *Р. Бр.* | *Заболувања и состојби* | *Шифра по МКБ - 10* | *Скопје Морбидитет x1000 (65+) (Годишен извештај 2020)* | |
|---|---|---|---|---|
| | | | *м* | *ж* |
| 1 | 2 | 3 | | |
| | **Вкупно ( I - XIX, XXI )** | **A00-T98, Z00-Z99** | 3163.42 | 3387.4 |
| | **Вкупно ( I - XIX )** | **A00 - T98** | 2834.17 | 3069.84 |
| 1 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА I** | **A00-B99** | 39.91 | 38.6 |
| 2 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА II** | **C00-D48** | 45.82 | 43.52 |
| 3 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА III** | **D50-D89** | 20.3 | 24.33 |
| 4 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА IV** | **E00-E90** | 376.18 | 532.05 |
| 5 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА V** | **F00-F99** | 139.43 | 213.08 |
| 6 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА VI** | **G00-G99** | 79.31 | 78.31 |
| 7 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА VII** | **H00-H59** | 86.75 | 90.31 |
| 8 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА VIII** | **H60-H95** | 57.5 | 50.36 |
| 9 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА IX** | **I00-I99** | 854.97 | 954.37 |
| 10 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА X** | **J00-J99** | 311.97 | 306.09 |
| 11 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА XI** | **K00-K93** | 158.75 | 183.66 |
| 12 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА XII** | **L00-L99** | 59.27 | 60.24 |
| 13 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА XIII** | **M00-M99** | 149.55 | 256.71 |
| 14 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА XIV** | **N00-N99** | 318.93 | 117.04 |
| 15 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА XV** | **O00-O99** | 0 | 0 |
| 16 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА XVII** | **Q00-Q99** | 0.26 | 0.43 |
| 17 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА XVIII** | **R00-R99** | 79.59 | 89.19 |
| 18 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА XIX** | **S00-T98** | 26.24 | 31.56 |
| 19 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА XX** | **V01-Y98** | 3.1 | 1.84 |
| 20 | **СУБТОТАЛ - ГЛАВА XXI** | **Z00-Z99** | 329.25 | 317.56 |

Извор : ЈЗУ Центар за Јавно Здравје - Скопје (16.11.2021) [4].

Според податоците од Табела 2 и Табела 2А, се констатира дека најголемиот дел на заболувањата кај старите лица во Скопскиот регион во 2020 година влегуваат во Субтотал I00-I99 (кардиоваскуларни заболувања), како и во Субтотал E00-E99 (ендокринолошки заболувања). Забележителна е стапката на морбидитет кај Субтотал J00-J99 (респираторни заболувања).

Табела 3: Специфична стапка на морбидитет од стоматолошки заболувања, кај населението на возраст од 65 до 74 год. и 75+ год., од Скопскиот регион, за 2020 година.

| *Утврдени заболувања и состојби во стоматолошка служба според пол и возраст во Скопје (град+село) (морбидитет x1000) (Годишен извештај 2020) (65 до 74 г. и 75+ г.)* | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Заболувања - состојби | Шифра | 65 - 74 год. | | | | 75+ год. | | | |
| | | по МКБ - 10 | м | Ст/1000 | ж | Ст/1000 | м | Ст/1000 | ж | Ст/1000 |
| 1 | 2 | 3 | 30 | | 31 | | 32 | | 33 | |
| | Вкупно ( 1 - 32 ) | A00 - Z99 | 4617 | 199.84 | 4338 | 153.66 | 2467 | 204.29 | 2119 | 129.8 |
| | Вкупно ( 1 - 25 ) | A00 - S09 | 3915 | 169.45 | 3685 | 130.53 | 1959 | 162.22 | 1685 | 103.22 |
| 1 | Малигна неоплазма на усна, на усната празнина и плунковите жлезди | C00 - C08 | 19 | 0.82 | 16 | 0.57 | 20 | 1.66 | 19 | 1.16 |
| 2 | Други заболувања - анондонција | K00 | 1186 | 51.33 | 1314 | 46.54 | 600 | 48.69 | 693 | 42.45 |
| 3 | Набиени или заглавени заби | K01 | 12 | 0.52 | 4 | 0.14 | 8 | 0.67 | 2 | 0.12 |
| 4 | Дентален кариес | K02 | 747 | 32.33 | 726 | 25.72 | 315 | 246.86 | 261 | 15.99 |
| 5 | Други болести на цврстите ткива на забите | K03 | 132 | 5.71 | 94 | 3.32 | 70 | 5.8 | 42 | 2.57 |
| 6 | Болести на пулпата и периапикалните ткива | K04 | 842 | 36.44 | 761 | 26.96 | 447 | 37.02 | 318 | 19.48 |
| 7 | Акутен и хроничен гингивит и периодонтоза | K05.0,K05.1, K05.4-K05.6 | 291 | 12.6 | 221 | 7.83 | 100 | 8.28 | 53 | 3.25 |
| 8 | Акутен и хроничен периодонтит | K05.2,K05.3 | 207 | 8.96 | 178 | 6.31 | 122 | 10.1 | 87 | 5.33 |
| 9 | Други заболувања на гингивата и на беззабиот алвеоларен гребен | K06 | 123 | 5.32 | 99 | 3.51 | 94 | 7.78 | 81 | 4.96 |
| 10 | Дентофацијални аномалии (вклучувајќи малоклузија ) | K07 | 36 | 1.56 | 15 | 0.53 | 13 | 1.08 | 6 | 0.37 |
| 11 | Други заболувања и состојба на забите и потпорните структури | K08 | 149 | 6.45 | 126 | 4.46 | 105 | 8.69 | 52 | 3.19 |
| 12 | Цисти на оралната регија некласифицирани на друго место | K09 | 64 | 2.77 | 65 | 2.3 | 1 | 0.08 | 5 | 0.31 |
| 13 | Други болести на вилиците | K10 | 10 | 0.43 | 10 | 0.35 | 7 | 0.58 | 7 | 0.43 |
| 14 | Болести на плунковите жлезди | K11 | 26 | 1.13 | 17 | 0.6 | 17 | 1.41 | 17 | 1.04 |
| 15 | Стоматит и сродни лезии | K12 | 16 | 0.69 | 4 | 0.14 | 11 | 0.91 | 8 | 0.49 |
| 16 | Други болести на усната и на оралната мукоза | K13 | 17 | 0.74 | 12 | 0.43 | 16 | 1.32 | 18 | 1.1 |
| 17 | Болести на јазикот | K14 | 28 | 1.21 | 9 | 0.32 | 10 | 0.83 | 11 | 0.67 |
| 18 | Други заболувања на устата и усната празнина | A69, B00.1,B00.2,B37.0, L00-L01,L10-L13 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 19 | Други конгенитални малформации на лицето и вратот | Q18.4,Q18.5, Q18.6,Q18.7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 20 | Расцепено непце | Q35 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 21 | Расцепена усна | Q36 | 0 | | 0 | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 22 | Расцепено непце и расцепена усна | Q37 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 23 | Други конгенитални малформации на јазикот, устата и фаринксот | Q38 | 0 | 0 | 2 | 0.07 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 24 | Фрактури на вилиците и забите | S02.4-S02.7 | 10 | 0.43 | 12 | 0.43 | 3 | 0.25 | 5 | 0.31 |

| Утврдени заболувања и состојби во стоматолошка служба според пол и возраст во Скопје (град+село) (морбидитет x1000) *(Годишен извештај 2020) (65 до 74 г. и 75+ г.)* | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Заболувања - состојби | Шифра | 65 - 74 год. | | | | 75+ год. | | | |
| | | по МКБ - 10 | м | Ст/1000 | ж | Ст/1000 | м | Ст/1000 | ж | Ст/1000 |
| 1 | 2 | 3 | 30 | | 31 | | 32 | | 33 | |
| 25 | Други повреди | S00.5,S01.4,S01.5, S03.2,S03.4,S04, S07,S09 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| а) | Транспортни несреќи по сувоземен пат | V01-V89 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| б) | Други надворешни причини за случајни повреди | W00-X39,X40-X59 | 0 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| в) | Намерно самоповредување | X60-X84 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| г) | Обид за нанесување на телесна повреда | X85-Y09 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| д) | Компликации од медицинска и хирушка нега | Y40-Y84 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ѓ) | Секвели од надворешни причини за морбидитетот | Y85-Y89 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| е) | Дополнителни фактори во врска со причините за морбидитетот | Y90-Y98 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ж) | Сите други надворешни причини | V90-V99,Y10-Y34, Y35-Y36 | 0 | 0 | 1 | 0.04 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 26 | Забен преглед | Z01.2 | 421 | 18.22 | 418 | 14.81 | 286 | 23.68 | 257 | 15.74 |
| 27 | Специјален скрининг преглед за дентално заболување | Z13.8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 28 | Местење и нагодување на дентална протетска направа | Z46.3 | 170 | 7.35 | 130 | 4.6 | 145 | 12.01 | 90 | 5.51 |
| 29 | Местење и нагодување на ортодонтска направа | Z46.4 | 14 | 0.61 | 8 | 0.28 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 30 | Присуство на забен корен и мандибуларни имплантати | Z96.5 | 9 | 0.39 | 4 | 0.14 | 1 | 0.08 | 5 | 0.31 |
| 31 | Присуство на дентална протетска направа | Z97.2 | 83 | 3.59 | 89 | 3.15 | 75 | 6.21 | 81 | 4.96 |
| 32 | Контакт со здравствената служба | Z00-Z99 (bez Z01.2, Z13.8,Z46.3,Z46.4, Z96.5,Z97.2) | 5 | 0.22 | 4 | 0.14 | 1 | 0.08 | 1 | 0.06 |

Извор : ЈЗУ Центар за Јавно Здравје - Скопје (17.11.2021) [4].

Табела 3А: Специфична стапка на морбидитет од стоматолошки заболувања, кај населението на возраст од 65+ год., од Скопскиот регион, за 2020 година.

| Утврдени заболувања и состојби во стоматолошката служба според пол и возраст во Скопје (град+село) (морбидитет x1000) (65+) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Заболувања - состојби | Шифра по МКБ - 10 | Морбидитет (65+) м | Морбидитет (65+) ж |
| 1 | 2 | 3 | Ст/1000 | Ст/1000 |
| | Вкупно ( 1 - 32 ) | A00 - Z99 | 201.36 | 144.92 |
| | Вкупно ( 1 - 25 ) | A00 - S09 | 166.97 | 120.52 |
| 1 | Малигна неоплазма на усна, на усната празнина и плунковите жлезди | C00 - C08 | 1.12 | 0.79 |
| 2 | Други заболувања на забите - анондонција | K00 | 50.77 | 45.04 |
| 3 | Набиени или заглавени заби | K01 | 0.57 | 0.13 |
| 4 | Дентален кариес | K02 | 30.19 | 22.15 |
| 5 | Други болести на цврстите ткива на забите | K03 | 5.74 | 3.05 |
| 6 | Болести на пулпата и периапикалните ткива | K04 | 36.64 | 24.2 |
| 7 | Акутен и хроничен гингивит и периодонтоза | K05.0,K05.1,K05.4-K05.6 | 11.12 | 6.15 |
| 8 | Акутен и хроничен периодонтит | K05.2,K05.3 | 9.35 | 5.95 |
| 9 | Други заболувања на гингивата и на беззабиот алвеоларен гребен | K06 | 6.17 | 4.04 |
| 10 | Дентофацијални аномалии (вклучувајќи малоклузија ) | K07 | 1.39 | 0.47 |
| 11 | Други заболувања и состојба на забите и потпорните структури | K08 | 7.22 | 3.99 |
| 12 | Цисти на оралната регија некласифицирани на друго место | K09 | 1.85 | 1.57 |
| 13 | Други болести на вилиците | K10 | 0.48 | 0.38 |
| 14 | Болести на плунковите жлезди | K11 | 1.22 | 0.76 |
| 15 | Стоматит и сродни лезии | K12 | 0.77 | 0.27 |
| 16 | Други болести на усната и на оралната мукоза | K13 | 0.94 | 0.67 |
| 17 | Болести на јазикот | K14 | 1.08 | 0.45 |
| 18 | Други заболувања на устата и усната празнина | A69, B00.1,B00.2,B37.0, L00-L01,L10-L13 | 0 | 0 |
| 19 | Други конгенитални малформации на лицето и вратот | Q18.4,Q18.5, Q18.6,Q18.7 | 0 | 0 |
| 20 | Расцепено непце | Q35 | 0 | 0 |
| 21 | Расцепена усна | Q36 | 0 | 0 |
| 22 | Расцепено непце и расцепена усна | Q37 | 0 | 0 |

| Утврдени заболувања и состојби во стоматолошката служба според пол и возраст во Скопје (град+село) (морбидитет х1000) (65+) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Заболувања - состојби | Шифра по МКБ - 10 | Морбидитет (65+) | |
| | | | м | ж |
| 1 | 2 | 3 | Ст/1000 | Ст/1000 |
| 23 | Други конгенитални малформации на јазикот, устата и фаринксот | Q38 | 0 | 0.04 |
| 24 | Фрактури на вилиците и забите | S02.4-S02.7 | 0.37 | 0.38 |
| 25 | Други повреди | S00.5,S01.4,S01.5, S03.2,S03.4,S04, S07,S09 | 0 | 0 |
| а) | Транспортни несреќи по сувоземен пат | V01-V89 | 0 | 0 |
| б) | Други надворешни причини за случајни повреди | W00-X39,X40-X59 | 0 | 0 |
| в) | Намерно самоповредување | X60-X84 | 0 | 0 |
| г) | Обид за нанесување на телесна повреда | X85-Y09 | 0 | 0 |
| д) | Компликации од медицинска и хируршка нега | Y40-Y84 | 0 | 0 |
| ѓ) | Секвели од надворешни причини за морбидитетот | Y85-Y89 | 0 | 0 |
| е) | Дополнителни фактори во врска со причините за морбидитетот | Y90-Y98 | 0 | 0 |
| ж) | Сите други надворешни причини | V90-V99,Y10-Y34,Y35-Y36 | 0 | 0.02 |
| 26 | Забен преглед | Z01.2 | 20.09 | 15.14 |
| 27 | Специјален скрининг преглед за дентално заболување | Z13.8 | 0 | 0 |
| 28 | Местење и нагодување на дентална протетска направа | Z46.3 | | 4.94 |
| 29 | Местење и нагодување на ортодонтска направа | Z46.4 | 0.4 | 0.18 |
| 30 | Присуство на забен корен и мандибуларни имплантати | Z96.5 | 0.28 | 0.2 |
| 31 | Присуство на дентална протетска направа | Z97.2 | 4.49 | 3.81 |
| 32 | Контакт со здравствената служба | Z00-Z99 (без Z01.2, Z13.8,Z46.3,Z46.4,Z96.5, Z97.2) | 0.17 | 0.11 |

Извор: ЈЗУ Центар за Јавно Здравје - Скопје (17.11.2021) [4].

Според податоците од Табела 3 и Табела 3А, се констатира дека најголемиот дел од стоматолошките заболувања кај старите лица во Скопскиот регион во 2020 година влегуваат во категоријата на Други заболувања на забите – анондонција или беззабост, а потоа следува К02. (дентален кариес), како и К04. (болести на пулпата и периапикалните ткива). Забележителна е, исто така, стапкат на морбидитет кај Z01.2 (забен преглед).

Табела 4: Специфична стапка на морбидитет при женската популација, кај населението на возраст од 65 до 74 год. и 75+ год., од Скопскиот регион, за 2020 година.

| Извештај за утврдени заболувања во дејноста на здравствена заштита на жените (Скопје, град+село, 65-74 и 75+) (Морбидитет x1000) (Годишен извештај 2020) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Заболувања - состојби | Шифра по МКБ - 10 | 65-74 | | 75+ | |
| | | | | Морб. X1000 | | Морб. X1000 |
| 1 | 2 | 3 | 12 | | 13 | |
| | Вкупно ( I - XIX, XXI ) | A00-T98, Z00-Z99 | 1787 | 63.3 | 476 | 29.16 |
| | Вкупно ( I - XIX ) | A00 - T98 | 1082 | 38.33 | 277 | 16.97 |
| 1 | СУБТОТАЛ - ГЛАВА I | A00 - B99 | 35 | 1.24 | 7 | 0.43 |
| 2 | СУБТОТАЛ - ГЛАВА II | C00 - D48 | 151 | 5.35 | 24 | 1.47 |
| 3 | СУБТОТАЛ - ГЛАВА IX | I00 - I99 | 2 | 0.07 | 1 | 0.06 |
| 4 | СУБТОТАЛ - ГЛАВА XIV | N00 - N99 | 876 | 31.03 | 239 | 14.64 |
| 5 | СУБТОТАЛ - ГЛАВА XV | O00 - O99 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | СУБТОТАЛ - ГЛАВА XVII | Q00 - Q99 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7 | СУБТОТАЛ - ГЛАВА XVIII | R00 - R99 | 17 | 0.6 | 6 | 0.37 |
| 8 | СУБТОТАЛ - ГЛАВА XIX | S00 - T98 | 1 | 0.04 | 0 | 0 |
| 9 | СУБТОТАЛ - ГЛАВА XX | V01 - Y98 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | СУБТОТАЛ - ГЛАВА XXI | Z00 - Z99 | 705 | 24.97 | 199 | 12.19 |

Извор : ЈЗУ Центар за Јавно Здравје - Скопје (19.11.2021) [4].

Табела 4А: Специфична стапка на морбидитет при женската популација, кај населението на возраст од 65+ год., од Скопскиот регион, за 2020 година.

| Извештај за утврдени заболувања во дејноста на здравствена заштита на жените (Скопје, град+село, 65+) (Морбидитет x1000) (Годишен извештај 2020) | | | |
|---|---|---|---|
| | Заболувања - состојби | Шифра по МКБ - 10 | 65+ Морб. X1000 |
| 1 | 2 | 3 | |
| | Вкупно ( I - XIX, XXI ) | A00-T98, Z00-Z99 | 50.79 |
| | Вкупно ( I - XIX ) | A00 - T98 | 30.5 |
| 1 | СУБТОТАЛ - ГЛАВА I | A00 - B99 | 0.94 |
| 2 | СУБТОТАЛ - ГЛАВА II | C00 - D48 | 3.93 |
| 3 | СУБТОТАЛ - ГЛАВА IX | I00 - I99 | 0.07 |
| 4 | СУБТОТАЛ - ГЛАВА XIV | N00 - N99 | 25.02 |
| 5 | СУБТОТАЛ - ГЛАВА XV | O00 - O99 | 0 |
| 6 | СУБТОТАЛ - ГЛАВА XVII | Q00 - Q99 | 0 |
| 7 | СУБТОТАЛ - ГЛАВА XVIII | R00 - R99 | 0.52 |
| 8 | СУБТОТАЛ - ГЛАВА XIX | S00 - T98 | 0.02 |
| 9 | СУБТОТАЛ - ГЛАВА XX | V01 - Y98 | 0 |
| 10 | СУБТОТАЛ - ГЛАВА XXI | Z00 - Z99 | 20.29 |

Извор : ЈЗУ Центар за Јавно Здравје - Скопје (19.11.2021) [4].

Според податоците од Табела 4 и Табела 4А, се констатира дека најголемиот дел од заболувањата при женската популација кај старите лица во Скопскиот регион во 2020 година влегуваат во Субтотал C00-D48 (малигни заболувања), како и во Субтотал N00-N99 (болести на урогенитален тракт). Забележителна е, исто така, стапката на морбидитет кај Субтотал Z00-Z99 (контакт со здравствените служби за специфични процедури).

Табела 5: Заболувања и состојби за лекувани пациенти од Скопскиот регион, кај населението на возраст од 65+ год. (болничко-стационарна дејност), за 2020 година.

**Табела 5 : Заболувања / состојби за лекувани пациенти од Скопскиот регион на возраст од 65+ години, во болничко - стационарната дејност за 2020 година**

| | Групи на болести | Лекувани болни | | Остварени болнички денови | | Просечно лекување во денови по еден случај |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број | % | Број | % | |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** |
| 1 | Вкупно | **16563** | **100,0** | **246949** | **100,0** | **14,9** |
| 2 | Одредени инфективни и паразитарни заболувања | 1150 | 6.94 | 12180 | 4,93 | 10,59 |
| 3 | Неоплазми | 4112 | 24,87 | 79493 | 32,19 | 19,33 |
| 4 | Болести на крвта и крвотворните органи и за болести на имуниот механизам | 298 | 1,8 | 12662 | 5,13 | 42,49 |
| 5 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 220 | 1,33 | 5659 | 2,29 | 25,72 |
| 6 | Душевни пореметувања и растројства во обноските | 155 | 0,94 | 24203 | 9,8 | 156,15 |
| 7 | Заболувања на нервниот систем | 235 | 1,42 | 11112 | 4,5 | 47,29 |
| 8 | Заболувања на окото и аднексите | 448 | 2,71 | 622 | 0,25 | 1,39 |
| 9 | Заболувања на увото и мастоидниот израсток | 22 | 0,13 | 120 | 0,05 | 5,45 |
| 10 | Болести на циркулаторниот систем | 4209 | 25,45 | 56252 | 22,78 | 13,36 |
| 11 | Болести на респираторниот систем | 684 | 4,14 | 5947 | 2,41 | 8,69 |
| 12 | Болести на дигестивниот систем | 999 | 6,04 | 7075 | 2.86 | 7,08 |
| 13 | Болести на кожата и поткожното ткиво систем | 97 | 0,59 | 812 | 0,33 | 8,37 |
| 14 | Заболувања на мускулоскелетниот систем и сврзното ткиво | 503 | 3,04 | 7573 | 3,07 | 15,06 |
| 15 | Болести на генитоуринарниот систем | 1415 | 8,56 | 11017 | 4,46 | 7,79 |
| 16 | Бременост, породување и пуерпериум | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 17 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 18 | Конгенитални малформации | 7 | 0,04 | 48 | 0,02 | 6,86 |
| 19 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 430 | 2,6 | 2960 | 1,2 | 6,88 |
| 20 | Повреди и труења | 1076 | 6,51 | 14166 | 5,74 | 13,17 |
| 21 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствени служби | 476 | 2,88 | 3433 | 1,39 | 7,2 |

Извор : ЈЗУ Центар за Јавно Здравје - Скопје (24.11.2021) [4].

Според податоците од Табела 5, се констатира дека најголемиот дел од заболувањата кај старите лица (лекувани пациенти) во болничката здравствена

заштита во Скопскиот регион во 2020 година влегуваат во групата Болести на циркулаторниот систем (25,4%) и Неоплазмите со 24,8%. На третото место се наоѓаат Болестите на генитоуринарниот систем со учество од 8,6%, а на четврто место се Повреди и труења. Бројот на остварени болнички денови кај старите лекувани лица е акцентиран во групата Болести на циркулаторниот систем (4209 болнички денови) и Неоплазми (4112 болнички денови). На трето место е групата, Болести на генитоуринарниот систем (1415 болнички денови). Просечната должината на лекувањето по пациент изнесува 14,9 денови.

## 5. Заклучок

1. Во периодот од 2010 до 2020 година постои тенденција на зголемување на бројот на стари лица кај двата пола, со акцент на женското население.
2. Старите лица во Скопскиот регион во 2020 година најмногу боледувале од I00-I99 (кардиоваскуларни заболувања) со стпка од 854,9‰, како и од ендокринолошки заболувања со стапка од 376,1/1000 жители во дејноста по општа медицина од амбулантно – поликлиничката заштита.
3. Најчеста патологија во стоматолошка дејност кај старите лица од Скопскиот регион во 2020 година се однесува на - Други заболувања на забите – анондонција или беззабост, а потоа следува K02. (дентален кариес), како и K04. (болести на пулпата и периапикалните ткива).
4. Најголемиот дел од заболувањата при женската популација кај старите лица во Скопскиот регион во 2020 година отпаѓаат на болести на урогенитален тракт со стапка од 25 ‰ и малигните заболувања со стапка од 3,9‰.
5. Во болничката здравствена заштита во Скопскиот регион во 2020 година старите лица над 65 години најчесто се лекувале од Болести на циркулаторниот систем (25,4%) и Неоплазмите со 24,8% во однос на вкупно лекувании стари лица.
6. Просечното траење на болничко лекување за старите лица од скопскиот регион за 2020 година изнесува околу 15 денови.

## 6. Препораки

Со цел да се потенцира состојбата на здравјето кај старата популација на глобално ниво, од страна на Обединетите Нации (ОН/UN) е иницирана Декадата на Здраво Стареење 2021-2030, прокламирана како Резолуција на Генералното Собрание на ОН, од 14 Декември 2020 година. Тоа претставува глобална иницијатива за поврзување на националните здравствени авторитети, научната јавност и глобалните медиуми, со цел подобрување на квалитетот на живот на старите лица, нивните фамилии, и заедниците во кои старите лица живеат. Декадата на Здраво Стареење опфаќа 4 основни полиња на дејствување:
- создавање на афирмативна средина за квалитетен живот на старите лица на ниво на заедниците во кои тие живеат (отстранување на физичките и социјалните бариери, што и покрај намалените способности, овозможува континуитет на практикување на нештата кои старите лица ги ценат);
- борба против ageism, односно дисмисивниот став кон старите лица (борба против стереотипите /како размислуваме/, предрасудите /што заклучуваме/, и дискриминацијата /како се однесуваме/, како фактори присутни во заедницата во која старите лица живеат);
- интегрирана нега на старите лица (реализирање на можност од сеопфатен пристап кон социјална и здравствена заштита /потреба од квалитетна медицинска нега и пристап кон есенцијално потребните лекови, вакцинација како метод на превенција од инфективни заболувања, пристап кон помошни медицински методи/);
- долгорочна нега на старите лица (сигнификантните падови на физичките и ментални способности доведуваат до ограничување на способноста на старите лица да се грижат за себе, што ја акцентира потребата од континуиран пристап кон рехабилитација, поддршка и помош).

**Референци:**

[1]https://www.who.int/health-topics/ageing#tab=tab_1
[2]https://www.who.int/news/item/18-03-2021-ageism-is-a-global-challenge-un
04.10.2021
[3]https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__ProcenkiNaselenie/225_Popis_reg_3112_PolVoz_mk.px/table/tableViewLayout2/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef
04.11.2021
[4]www.cph.mk